„Четири особини го прават човекот лицемер во целост, а оној кој поседува една од нив има особина на лицемерство сè додека не ја напушти: кога му се доверува – изневерува, кога зборува – лаже, кога се обврзува – го прекршува договорот, и кога расправа – ги преминува границите.“

Абдулах бин Амр, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Четири особини го прават човекот лицемер во целост, а оној кој поседува една од нив има особина на лицемерство сè додека не ја напушти: кога нешто му се доверува – го изневерува, кога зборува – лаже, кога се обврзува – го прекршува договорот, и кога се расправа – ги преминува границите.“

[صحيح] [رواه البخاري ومسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, предупредил за четири особини, кои доколку доминираат кај некој муслиман, тој станува сличен на лицемерите поради нив. Ова важи за оние кај кого овие особини преовладуваат; ако пак се појавуваат, но ретко, нема да се смета за вистинско лицемерство. А тоа се: 1. Кога зборува – намерно лаже и не ја зборува вистината. 2. Кога ветува – не го исполнува своето ветување и ја изневерува довербата на соговорникот. 3. Кога се обврзува – не го исполнува договорот што го склучил. 4. Кога се расправа – станува жесток, се оддалечува од вистината, обидува сè да ја искриви, и изговара невистини и лаги. Лицемерството значи да се прикажува нешто што е спротивно на она што се крие. Овој вид лицемерство се манифестира во односот кон оние со кои зборува, ветува, доверува, расправа или склучува договор, но тоа не значи дека е лицемер во основата на исламот – односно, дека искажува ислам, а во срцето го крие неверството. Оној што поседува некоја од овие особини, кај него постои особина на лицемерство сè додека не се ослободи од неа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66537